УДК 141.319.8

Коле ЈОВАНОВСКИ

# КОНЦЕПТОТ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПОТРЕБИ ВО ОПУСОТ НА ХЕРБЕРТ МАРКУЗЕ

## I

Иако Маркузе во своето теоретско наследство нема оставено дело кое систематски би го тематизирало прашањето за смислата и значењето на човековите потреби, тој факт не имплицира дека не расправал за овој антрополошки проблем.

Во уводниот дел од своето прочуено дело „Човекот со една димензија" Маркузе констатира дека современото, индустриски развиено општество е ирационално, дека неговата продуктивност е деструктивна за слободниот развиток на човековите потреби, трансформирајќи ги неговите политички потреби во индивидуални потреби и желби.

Современото, еднодимензионално општество поседува сили и средства за зауздување и блокирање на потребата за квалитативна општествена измена, чија основна претпоставка е оделотворувањето на потребата на деструкција на зацврстениот „добар" начин на човековиот живот. Токму посоченава потреба современото, индустриски развиено општество успева да ја потисне во онаа мерка во која е во состојба луѓето да ги опсипува со „привлечните" добра во сè помасовни количества и на тој начин да го „збогатува" еднодимензионалниот живот на современиот човек.

Тоа општество е способно да ги определува не само општествените неопходни занимања, вештини и ставови, туку и структурата на индивидуалните потреби и желби, нивелирајќи ја спротивноста меѓу индивидуалните и општествените потреби. Задоволувањето на единечните потреби во него се остварува со посредство на начинот на кој тоа е организирано, со што човековата независност на мислите, автономијата и правото на политичка опозиција ја губат својата критичка функција. Барем што се однесува до задоволувањето на животните потреби неконформизмот со системот се чини општествено бесполезен, бидејќи тој гарантира константен пораст и „збогатување" на задоволувањето на посоченива потреби, се разбира, со посредство на соодветното манипулирање со нив.

Наспроти апострофираново манипулирано општество, Маркузе пледира за следниов негов модел: „Кога човекот повеќе не би бил принуден да се потврдува на пазарот како слободен економски субјект, исчезнувањето на тој вид слобода би било едно од најголемите остварувања на цивилизацијата. Технолошкиот процес на механизацијата и стандардизацијата би можел да ја ослободи индивидуалната енергија за уште неиспишаниот домен на слободата од онаа страна на нужноста. Самата структура на човековата егзистенција би била изменета; човекот би бил ослободен од светот на трудот, кој му наметнува туѓи потреби и туѓи можности; би бил ослободен да ја употреби автономијата на животот, кој би бил негов сопствен. Ако производниот апарат би можел да биде организиран и насочен кон задоволување на виталните потреби, контролата врз него би можела да биде и централизирана. Таквата контрола не би ја попречувала индивидуалната автономија, туку би ја овозможувала"[1]

Начинот на исполнувањето, интензитетот, па дури и карактерот на човековите потреби над биолошкото ниво секогаш бил општествено предусловен. Дали можноста нешто да се чини или пропушти, ужива или уништи, присвои или отфрли ќе стане потреба, зависи од глобалната насоченост на предоминантните општествени институции и интереси, па во таа смисла човековите потреби се историски.

Маркузе разликува вистински и лажни потреби. „Лажни" се оние потреби кои на индивидуумот му ги наметнале посебните општествени интереси во неговото зауздување: потребите кои перпетуираат макотрпен труд, агресија, мизерија и неправда. Грото предоминантни потреби за релаксација, развеселување, постапување и консумација според принципот – да се сака и мрази она што другите го сакаат и мразат – Маркузе ги вбројува во категоријата лажни потреби.

Општествената содржина и вредноста на таквите лажни потреби ги определуваат хетерономните инстанци кои индивидуумите не можат да ги контролираат. Развитокот и начинот на задоволувањето на таквите потреби, репродуцирани и зацврстени со условите на егзистирањето, можат да станат човекови сопствени потреби, тој со нив да се поистовети и во нив да наоѓа задоволство – но тие во крајна линија остануваат она што биле на почеток – хетерономни потреби.

Човековите витални потреби – исхраната, облеката, домувањето на достигнатиот степен на културниот развиток – се единствените потреби чие барање за исполнување останува константно и нередуцирливо. Задоволувањето на овие потреби е предуслов за остварување на сите други – како не сублимирани, така и сублимирани човекови потреби.

Маркузе пледира за преиспитување на постојниот универзум на потребите и начинот на нивното задоволување, кое би се засновувало врз критериумот на нивната вистинитост или лажност. Вистинитоста и лаж-

---

[1] Херберт Маркузе: Човек једне димензије, „Веселин Маслеша", Сарајево, 1968, стр. 22

носта на човековите потреби се потполно историски и објективно се засновани врз мерилата на приоритетот – мерила во однос на оптималниот развиток на човекот, на сите луѓе, врз основа на оптималното користење на расположивите материјални и интелектуални средства.

Прашањето кои потреби се вистински, а кои лажни, треба да го разрешат, самите индивидууми. Но, при тоа да се реализира еден битен антрополошки услов: тие да бидат слободни да го дадат својот сопствен одговор и одлука, да бидат во вистинска смисла на зборот автономни, без било какво наметнување на ставови и тортура на манипулирање.

Еднодимензионалното општество ги содржи и следниве белези на својата структура на потреби: успешно задушување на оние потреби кои треба да бидат ослободени – ослободени исто така од она што е сносливо, што се исплатува и што е удобно; инсистирање врз семоќната потреба за производството и консумацијата на излишното; врз потребата за заглупувачкиот труд кога тој повеќе не е нужност; врз потребата за такви начини на релаксација кои го олеснуваат и пролонгираат ова заглупување; нивелирањето на контрастот меѓу задоволените и незадоволените потреби; преобразувањето на општествените потреби во индивидуални и сведувањето на нивните разлики на чисто теориски; способноста излишното да го претвори во потребно, односно да произведува општествено потребни излишности или општествено контролирани потреби; „спонтано” да ги репродуцира на човекот наметнатите потреби; потреба за квалитативна преобразба и измена на начинот на животот да ја амортизира со постојаното квантитативно задоволување на „богатите” потреби; хетерономните потреби на системот да ги претвора во сопствени потреби на поединецот; репресивните потреби да ги креира како составен дел на постојниот систем на производство.

## II

Од делото на Маркузе: „Есеј за ослободувањето – Крај на утопијата” го апострофираме концептот за изградба на нова антропологија. Потребата за конституирање на новата антропологија тој ја конципира не само како теорија, туку примарно како начин на егзистирање, настанување и развивање на виталните потреби за слободата. Како нужност од развивање на квалитативно нови потреби, потреби во мошне стриктна биолошка смисла, како раскинување со континуитетот на потребите што се задоволуваат во репресивното општество, како негација на процесот на трансформирањето на тој континуитет во репресивните потреби во човекови сопствени потреби.

Тој концепт поаѓа од историскиот карактер на човековите потреби. Сите човекови потреби што го надминуваат анималното ниво се историски определени и променливи. Прекинот на континуитетот на репресивните потреби и преминот во квалитетно ново, слободно општество се засновани во развитокот на производните сили. Тој развиток денес достигнал таков степен што бара реализација на нови витални потреби.

Новата антропологија би требало да ги афирмира потребите за укинување на општествено ненужниот труд, виталната потреба за уживање, за среќа со мирна совест, да ја негира потребата дека сè во животот мора да се заслужи. Да го оневозможи процесот на задушувањето на виталните потреби од страна на репресивните потреби, да ги реализира ослободувачките и смирувачките потреби.

Обидувајќи се да ги конкретизира новите потреби, како конституенс на новата антропологија, Маркузе вели: „Новите потреби, кои реално се определена негација на постојните потреби, би можеле, можеби, да ги сумираме како негација на потребите кои го носат денешниот систем на стопанисување и вредностите врз кои тие се темелат, на пример, негација на потребата од борба за егзистенција..., или, исто така негација на потребата да се заслужува животот, на борбата за опстанок, негација на принципот на реализацијата, конкуренцијата, негација на необично силната потреба за конформизам, да не се упаѓа во очи, да не се биде аутсајдер, негација на потребата за расипувачка, разурнувачка продуктивност, која е неразделно поврзана со деструкцијата, негација на виталната потреба од криво потиснување на нагоните. Тие потреби се негирани со потребата за мир...; со потребата за тишина, со потребата да се биде сам, со потребата за среќа. Под сите тие потреби не подразбирам само индивидуални потреби, туку општествено производна сила, општествени потреби кои соодветно се оделотворени во насочувањето на производните сили.

Тие нови витални потреби тогаш како општествено производна сила би го овозможиле тоталното техничко преобликување на светот на животот, а јас верувам дека дури во така преобликуван свет стануваат можни нови човечки односи, нови врски меѓу луѓето".[2]

Новите потреби, особено потребата за слобода, треба да ја совладаат и следнава тешкотија: во општеството во кое е постигнат задоволителен степен на исполнување на животните потреби, се чини нелогично да се мисли на револуција, наводно затоа што луѓето сепак го имаат сè она што го сакаат. Но, смислата на барањето за реализација на новите потреби е токму во тоа да се измени она што се сака, она што се сака како потреба, повеќе во иднина да не биде сакано.

Врската меѓу старите и новите потреби Маркузе ја определува на следниов начин: „... најнапред мора да бидат укинати механизмите кои ги репродуцираат старите, за да би ги развиле новите револуционерни потреби. Но, за да би ги укинале механизмите кои ги репродуцираат старите потреби, мора да биде присутна потребата за укинување на старите механизми. Токму тоа е кругот кој е пред нас, а јас не знам како би се излегло од него".[3]

Настанувањето на новите потреби бара општество со таков технички развиток кој ќе овозможи реализација на битно нов квалитет на животот, во

---

[2] Маркузе: Крај утопије – Есеј о ослобођењу, „Стварност", Загреб, 1978, стр. 14.
[3] Исто, стр.32

кој животните потреби повеќе не бараат агресивно исполнување на средствата за „заработување на животот", а „она што не е нужно" ќе стане примарна витална потреба.

Квалитативната разлика меѓу постојниве и слободното општество се однесува на оние потреби и задоволства, што го надминуваат човековиот анималитет, што се битни за човекот како човечки вид. Сите потреби кои го опфаќаат доменот на конкурентската трка и стандардизираната забава, сите симболи на статусот, престижот, моќта, рекламираната машкост и шарм, комерцијализираната убавина – треба да бидат ослободени од принципот на профитот и експлоатацијата.

Слободното општество во себе ги вклучува и човековите „биолошки" потреби, кои Маркузе ги објаснува вака: „Терминот 'биолошки' и 'биологија' не ги употребувам во смисла на научна дисциплина, туку за да би ги назначил процесот и димензијата, во кои наклонетостите, моделите на постапувањето и аспирациите стануваат витални потреби, кои би предизвикале дисфункција во организмот ако не се задоволени. Обратно, општествено остваруваните потреби и аспирации може да резултираат со поудобно органско постапување. Ако биолошките потреби се определени како оние кои мора да бидат задоволени и кои не можат адекватно да се супституираат, определени културни потреби можат да 'потонат' во биологијата на човекот. Тогаш, на пример, би можеле да говориме, за биолошка потреба за слобода, или за некои естетски потреби како вкоренети во органската структура на човекот, во неговата 'природа', односно, 'втора природа'..."[4]

### III

Во книгата на Маркузе: „Контрареволуција и револт" најголем број искажувања за проблематиката на човековите потреби среќаваме во уводниот есеј „Левицата соочена со контрареволуција".

Развиеното капиталистичко општество се одликува со насочено задоволување на материјалните потреби, со слободно располагање со приходи кои не се неопходни за задоволување на основните потреби, со динамика на неговиот раст кој бара постојано производство на потреби кои можат да бидат задоволени со посредство на пазарот, од една, но и со поттикнување на трансцендентни потреби кои можат да бидат задоволени само со укинување на капиталистичкиот начин на производство.

Во врска со тоа Маркузе вели: „Но, карактеристикумот (на новиот универзум на потребите – К.Ј.) не е ниту голото проширување на задоволувањето на потребите во рамките на постојниот универзум на потребите, ниту преместувањето на задоволувањето од едно (пониско) ниво кон повисоко, туку е раскинот со овој универзум, **квалитативен скок.** Револуцијата вклучува радикална трансформација на самите потреби и стремежи на културен и материјален план: и на свеста како и на сетилноста, и на

[4] Исто, стр. 141-142 (забелешка)

работниот процес како и на слободното време. Оваа трансформација се манифестира во борбата против раздробувањето на трудот, против неопходноста и производноста од ступидни занимања и стоки, против загадувањето на средината како форма на живот. Моралните и естетските потреби стануваат темелни, витални потреби и бараат нови односи меѓу половите, генерациите, мажите и жените и природата. Слободата во битно се сфаќа како слобода која се темели врз исполнувањето на овие потреби, кои во ист миг се сетилни, етички и рационални.”[5]

Задушувањето на моралните и естетските потреби претставува еден од инструментите на владеењето и контролирањето со потребите во современото капиталистичко општество.

Општата потреба за труд, која е квалитативно поинаква и резултира со надминувањето на животната нужност, прозлегува од индивидуалните потреби кои го структуираат дијапазонот на самосвојното човеково егзистирање.

Префрлувањето на улогата на живиот труд во областа на „контролор” би овозможило ново насочување на смислата и целите на материјалното производство. Место да биде стока која произведува стоки, човечкиот труд би можел според законот на слободното појавување да произведува вредности за задоволување на човековите потреби, за потребите на ослободената и култивирана човечна егзистенција.

Под поимот витални потреби Маркузе ги подразбира, како оние потреби кои се однесуваат на човековата биолошка неопходност, така и оние кои ја надминуваат неа, на пример потребата за човечки живот во слободна асоцијација со други слободни луѓе, потребата за нов однос кон природата, како внатрешната, така и надворешната.

Во човекови витални потреби Маркузе ги вбројува: потребата за човечна егзистенција на индивидуумот, потребата за развивање и задоволување на свои сопствени потреби, потребата за самоопределување, потребата за неоттуѓени човечки односи, потребата за преобликување на етаблираното општество, потребата за развиток на нова рационалност, потребата за нови етички и естетски потреби, потребата за еманципација на свеста, потребата за ново доживување на природата.

## IV

Книгата на Маркузе „Мерила на времето” содржи повеќе расправи, од кои за нас е најинтересна „Бродоломот на новата левица”, што всушност е проширен текст на неговото предавање одржано во април 1975 година на Универзитетот во Калифорнија.

---

[5] Маркузе: Контрареволуција и револт, „Графос”, Београд, 1979, стр.22, (потцртал Х. Маркузе)

Новата левица, смета Маркузе, понудила една нова дефиниција на поимот револуција. Имено, таа повеќе не би се исцрпувала во економски и политички пресврт, туку во прв ред во уривањето на доминантниот систем на потребите и на можностите за нивното задоволување. Новата левица инсистира врз револуционирање на потребите кои го репродуцираат постојното статус кво, врз бунт на човековата егзистенција во сферата на производството и репродукцијата, во инфраструктурата и во суперструктурата.

Во врска со тоа Маркузе вели: „Инсистирањето на новата левица врз субверзија на искуството, врз индивидуална свест, врз радикално пресвртување на системот на потребите и задоволувањата, накратко врз потребата за една нова **субјективност**, ја обдарило психологијата со едно пресудно политичко значење... Само ослободувањето на оневозможените и потиснатите нагони може да го разниша етаблираниот систем на потребите во индивидуите и да создаде физиолошки и психолошки простор за потребите на слободата. Сепак, голата актуелизација на импулсите не може да ја исполни оваа функција: процесот на ослободувањето мора да доведе до критика, до самокритика на потртебите во реакција кон општествено насочените и интроектирани потреби кои му противречат на ослободувањето, додека нивното задоволување ја гарантира репресивната репродукција на потрошувачкото општество. Критичката анализа на потребите ја конституира специфичната општествена димензија на психологијата".[6]

Новата левица тврди дека двигател на специфичната револуција во 20-тиот век ќе биде насочена кон квалитативно преобразување на животните потреби, реализација на виталната потреба за квалитативно различен начин на живот.

Постојниот систем може да биде изменет само ако дејствува синхронозирано врз трите негови базични пунктови: организацијата на производниот процес, карактерот на трудот и преобразувањето на потребите.

## V

Во статијата „Ослободување од општеството на изобилството", што е поместена во зборникот „Дијалектика на ослободувањето", Маркузе нѐ соочува со значењето и смислата на потребата за ослободување од општеството на изобилство, од општество кое во голема мерка ги развива и задоволува не само материјалните туку и културните потреби подобро од било кога порано.

Изградбата на слободното општество зависи, од една страна, од општото прифаќање на животната потреба за укинување и раскин со етаблираниот систем на ропството, а од друга, од реализацијата на потребата за животна ангажираност и стремеж за квалитативно поинакви вредности на слободно-

---

[6] Маркузе: Мерила времена, „Графос", Београд, 1978, стр.44-45 (потцртал Х.Маркузе)

то човеково постоење, појавувањето на новото општество е условено од развивањето на новите потреби и задоволства на слободните луѓе.

Развитокот на новото општество мора да го иницираат и реализираат луѓе со нови потреби, луѓе „слободни" од репресивните и агресивни потреби на капиталистичкото општество. Во таа смисла тие луѓе, барем потенцијално, се носители на нови потреби, цели, вредности и задоволства.

Маркузе разликува квантитативна потреба за измена на неопходните услови на постоењето во условите на доброволното ропство и квалитативната потреба за измена на општеството како целина. Единствено реализацијата на двеве посочени потреби во битна смисла претставува скок од човековата предисторија во неговата вистинска историја, трансцедирање на капиталистичкото општество на изобилство, кое ги задоволува материјалните и културните потреби на неговото население во склад со барањата и интересите на апаратот и силите кои го контролираат и насочуваат.

Објективната потреба за радикална општествена промена е објективно нужна, како во смисла дека таа е единствената шанса да се зачуваат можностите на човековата слобода, така и во смисла дека веќе се достапни техничките и материјалните средства за остварување на слободата. Но и покрај постоењето на објективната потреба, субјективната потреба за таквата промена сеуште не преовладува. Субјективната потреба е потисната заради стварното задоволување на потребите, од една, и со сè помасовното научно манипулирање и администрирање со потребите – со нивната систематска и системска контрола и насочување, од друга страна.

Општествената положба која го предизвикува разидувањето меѓу субјективната и објективната потреба за ослободувањето може да се надмине со појавувањето и развитокот на новите потреби, квалитативно различни, па дури и спротивни на доминантните агресивни и репресивни потреби, како што се: појавувањето и развивањето на нов тип човек, со виталната, биолошка потреба за ослободување и со свест способна да го пречекори материјалниот и идеолошкиот превез на општеството на изобилство, афирмацијата на една потреба заснована врз активирањето и реализирањето на една длабинска димензија на човековото постоење.

Квалитативните карактеристики на слободното општество претпоставуваат една нова антропологија, која ќе го оделотвори животот како цел по себе, а не повеќе како средство за некоја наметната цел, која ќе ги реализира следниве потреби: потребата за превреднување на вредностите, за ослободување на човечниот сензибилитет, престанок на борбата за опстанок, потребата за укинување на ненужниот труд, потребата за зближување на уметноста и техниката, трудот и играта, царството на нужноста и царството на слободата. Оделотворувањето на набележаниве потреби претпоставува таков тип човек кој го отфрла принципот на ефикасноста што владее во етаблираното општество; тип човек кој се ослободил од агресивноста и бруталноста својствени на индустриски развиените општества; тип човек кој биолошки е неспособен да води војни и да создава страдања; тип човек кој има јасна свест за радоста и уживањето и кој работи во општествена и природна средина што ја овозможува таквата егзистенција.

Слободното општество Маркузе го конципира како „естетска" стварност, како уметничко дело, како реализација на естетски потреби и цели, кои ќе создадат една нова субјективност и нов сензибилитет на слободниот човек. Тоа значи дека творечката фантазија, а не само рационалноста на принципот на ефикасноста, би станале производствена сила на создавањето на слободното општество.

Општеството на изобилство, од аспект на човековите потреби, Маркузе го вреднува на следниов начин: „Општеството на изобилството е систем на лажни потреби, имено потреби за добра, достигања, интересирања кои човекот го чинат сѐ позависен од апаратот на власта, а апаратот постојано го зајакнуваат и прошируваат. Систем на лажни потреби, бидејќи тие потреби ја заоструваат конкурентската борба за опстанок, а го спречуваат хуманизирањето, човековото доаѓање до самиот себеси".[7]

## VI

Новата антропологија на Маркузе се засновува врз разликувањето на непосредните и вистинските потреби. Непосредни се оние потреби кои се оделотворени во структурата на потребите на индустриски развиеното општество, а вистински се оние потреби кои треба да ги содржи и реализира новото, слободно општество.

Капитализмот постојано создава нови потреби кои не е во состојба да ги задоволи, а особено потребата за укинување на експлоатираниот труд како облик на живот. Ја стимулира потребата за таква револуција во која производствените услови, кои ги надминуваат оскудноста и репресијата, квалитативните потреби со поинаква смисловно-вредносна преференција ги претвораат во витални материјални и културни потреби. Претпоставената револуција бара радикален пресврт на системот на потребите, реализацијата на потребата за нова субјективност и нова сензибилност, редефиниција на потребите, нови морални и естетски потреби, негирање на потребата за економизација на современата цивилизација како телеолошки принцип, потребата за редуцирање на прекумерната развиеност.

Потребата за радикална реализација на концепцијата на новото општество во себе ја вклучува потребата за остварување нова хумана стварност, егзистенција на слободниот човек во слободното време со реализација на трансутилитарни цели и култивирање на „уметноста на живеењето", откако виталните потреби ќе бидат задоволени со минимум труд. Афирмација на потребата за култивирање на еден нов тип човек, слободен од агресивните и репресивни потреби на класното општество, човечко суштество, кое солидарно и врз основа на сопствена самоиницијатива, креира свој сопствен животен свет, свое сопствено сопство.

[7] Маркузе: Хуманизам – има ли га још?, „Праксис", Загреб, 1970, стр.337.

Во врска со тоа Маркузе вели: „Квалитативните диференции на новото општество затоа не би ги виделе во задоволувањето на виталните и културните потреби (тие навистина остануваат темел на целокупниот развиток), туку во настанувањето и задоволувањето на **новите** потреби, кои биле потиснати во антагонистичкото општество. Таквите нови потреби би нашле свој израз во радикално изменетите односи меѓу луѓето и радикално поинаквата природна и општествена средина: солидарноста место конкуренцијата; сетилноста место репресијата; отсуството на бруталноста, вулгарноста и нивниот јазик; мирот како трајна состојба. При тоа не се работи за вредности и цели, туку за **потреби**, бидејќи сè додека тие цели и вредности не станат реални потреби, не ќе се воспостави квалитативна разлика меѓу старото и новото општество".[8]

## VII

Иако првенствена цел на оваа статија е информативно-систематизаторска, не ќе биде на одмет да истакнеме неколку критички забелешки за модалитетите на концептуализацијата и валоризацијата на феноменот на човековите потреби во структурирањето на развитокот на современото општество воопшто и на човекот, како специфичен микрокосмос од потреби. Маркузе смета дека радикалната измена на етаблираниот и еднодимензионалниот систем на човековите потреби е конститутивен и супстанцијален општествен и антрополошки чинител на слободното општество и слободниот човек!

Имено, овде се поставува едно принципиелно прашање: дали човековите потреби, макар парадигматично концептуализирани и смисловно-вредносно обликувачки преферирани, можат да ја играат структурирачката улога во глобалното димензионирање на современото општество и човекот? Маркузе имплиците претпоставува дека новите, вистинските, радикалните потреби, во рамките на новата антропологија, можат глобално да го физиономираат развитокот на цивилизацијата воопшто, дури и повеќе тој смета дека современата револуција може да биде оделотворена само во визурата на револуција на потребите! Се чини дека оваа оптимистичка претпоставка на Маркузе за потребата од револуција како револуција на потребите на цивилизациски план нема емпириска космичка верификација.

Далеку е посложена метаморфозата на физионимирањето на структурирачките варијабли на цивилизацискиот развиток од фаза на нивната теориско-методолошка концептуализација до фаза на нивната супстанцијализација на фонот на развитокот на современиот човек и општество. Од друга страна, емпириската евиденција на структурата на развитокот на досегашната цивилизација го потврдува заклучокот дека политичките и

---

[8] Markuze: „Idee zu einer kritischen Theorie der Geselschaft", Frankfurt, Suhrkamp Verlag, 1969, str.189- 190 (потцртал Х.Маркузе)

економските фактори- потреби многу посилно го димензионирале развитокот на современото општество и човекот, одошто новите потреби и новата антропологија, сфатени во маркузеовска смисла. Но прашање е дали е потребно – а и можно – однапред да се дефинираат развојните текови на човековите индивидуални и општествени потреби, а при тоа да не се земат предвид комплексноста и посредувачкиот карактер на развитокот на човекот и општеството во нивната современа мондијализација -конкретизација. Фактор кој ја отежнува унификацијата на примената на модалитетите на реализацијата на потребите како фактор на развитокот на современата цивилизација е нејзината интер и интраконтинентална диферентна стапка на развиеност и задоволеност на потребите. Можеби излезот од посоченава апоричност треба да се бара во физиономирањето на заедничките општествени потреби како општ заеднички биолошки минимум, како онтичка платформа за диференцирање на самосвојните бидувачки потреби на трансбиолошко уникално ниво, ниво кое иманентно не треба и не може да се унифицира и вонвременски нормира, туку се реализира во специс-специфична констелација на исполнување-атрибутирање. Зашто самосвојното бидување на човекот (а и на неговите потреби како онтички уникум) не може да се конституира без трансцендирање на заедничките биолошки потреби на човекот.

Kole JOVANOVSKI

**LE CONCEPT DE LA BESOINS HUMAINE DANS L'OEUVRES DE HERBERT MARCUSE**

(Resumè)

L'object de cet l'article est exposition a le concept aux besoins de Herbert Marcuze. La nouvelle antropologie de Marcuze baser sur distinction entre directes et veritables, nouvelles besoins d'humain. La categorie fondamental de cette antropologie e la besoin d'une nouvelle subjectivitè et sensibilitè. Societe liberal Marcuze concepte comme une realite „estetique", comme une oeuvre d'art, comme rèalisation des besoins et des l'intentions èstetiques.